Почитувани,

На Ваше внимание во прилог Ви го доставуваме нацртот на четвртиот полугодишен извештај за спроведувањето на акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавна администрација (јануари - јуни 2021).

Дополнително Ве информираме дека истиот може да го најдете на веб страната на МИОА во делот Стратегија за РЈА и Акциски план 2018 – 2022 на следниот линк:

https://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/rja/nacrt_-_chetvrt_polugodishen_izveshtaj_za_srja.pdf

Имено, согласно Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 - 2022, следењето и известувањето за процесот на реформата го спроведува Министерството за информатичко општество и администрација, кое на секои шест месеци до Советот за РЈА и еднаш годишно до Владата доставува Извештај за спроведување на Акцискиот план на истата. Заради обезбедување на транспарентност во овој процес, стратегијата предвидува извештаите да се објавуваат на веб страната на МИОА.

Во таа насока, ве замолуваме Вашите коментари, прашања и забелешки да ги доставите на маил: srja@mioa.gov.mk најдоцна до 24.09.2021 година до 16:00 часот.

Доколку сметате дека одредени организации со своите коментари и забелешки можат да придонесат за поквалитетен извештај, а притоа не се на листата до кои е испратен овој маил, Ве молиме проследете го до нив.

Ви стоиме на располагање доколку имате потреба од дополнителни информации.